Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" 16.04.2010 БР. 52 ), Собранието на Здружението Центар за хумани односи– Крушево, на својата седница одржана на 25.10.2016г. го утврди следниот пречистен текст на

# СТАТУТ

На Здружение **Центар за хумани односи -** Крушево

Пречистен текст

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружение **Центар за хумани односи –** Крушево (во натамошниот текст ЦХО- Крушево) е самостојно, невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани кое работи на реализација на хумани цели на територијата на Република Македонија.

**Член 2**

ЦХО-Крушево работи на реализација на хумани цели, а во интерес на сите граѓани во Република Македонија без оглед на нивната национална, етичка, верска или друга припадност.

**Член 3**

ЦХО-Крушево дејствува на територијата на Република Македонија, соработува со сите организации и институции во национално и интернационално ниво, а неговата работа се одвива во согласност со Уставот, постоечките Закони на Република Македонија и Статутот.

**Член 4**

ЦХО-Крушево има својство на правно лице со денот на уписот во регистарот на здруженија на граѓани и фондации, со што се стекнува со сите права и обврски кои во тој смисол произлегуваат од Уставот и Законот.

**Член 5**

Името (називот) на здружението е: Здружение **Центар за хумани односи - Крушево**. Во комуникација со странски институции и лица ќе се користи името (називот) на англиски јазик **Center for Human Relations – Krushevo**.

**Член 6**

Седиштето на ЦХО-Крушево е на ул."Питу Гули " бр.64 Крушево

**Член 7**

**Здружение Центар за хумани односи-Крушево е правно лице. Организацијата има свој симбол, печат и штембил. Симболот е составен од 4 делчиња од слагалка и тоа во сина, црвена, зелена и жолта боја, од кои првите три се сложени а четвртиот дел е поставен странично.Печатот е со округла форма, а во него е содржан следниот текст: во средниот дел е симболот, а од страната е напишано Здружение Центар за хумани односи - Крушево. На штембилот е напишан текстот:**

**Здружение Центар за хумани односи - Крушево**

**Бр____________________**

**__________/________ГОД.**

**Крушево**

**Член 8**

Во работата на ЦХО-Крушево се употребува името впишано во надлежниот регистар. Работата на телата во ЦХО-Крушево се одвива на македонски јазик.

**Член 9**

Здружение **Центар за хумани односи -** Крушево го претставува и застапува претседателот избрано од страна на Извршниот одбор кој е овластен и располага со печатот и чтембилот на ЦХО-Крушево. Претседателот може да овласти друго лице да го употреби печатот и штембилот, но тој е должен да одреди за кои пореби и под кои услови истото може да се изврши.

**Член 10**

Здружението првенствено ќе работи на територијата на Крушево и околината. Собранието може да донесе одлука за формирање на ограноци во други места на територијата на Република Македонија, доколку обемот на работата и ангажираноста во одредени проекти налага потреба од тоа.

Здружението е отворена за секаков вид соработка со други невладини организации за остварување на заеднички проекти, како и со здруженија од соседните земји и пошироко.

Здружението се обврзува да негува непристрасни односи и да соработува со локалната власт, владините институции и сите други јавни органи, во интерес на граѓаните и проектите од општ интерес за градот и пошироко.

### Член 11

Работата на здружението е јавна. Претседателот и Извршниот одбор треба да обезбедат благовремено, потполно по содржина и облик достапно известување на своите членови (Собранието) за работата на истата.

Здружението е должно да овозможи непречено вршење на стручен или друг надзор на начин утврден со Закон.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 12

Основн цели и задачи на Здружение **Центар за хумани односи-Крушево** се:

- активности во сферата на човековите права;
- подобрување на условите за живот и едукација;
- унапредување на односите во бракот, семејството, средината и со другите етнички групи,
- едукација од областа на здравственото образование; развивање на спортски дух и фер-плеј односи кај младите
- заживување на занаетите
- градење на толеранција и доверба
- разрешување на конфликти
- социјализација преку спортски и други активности
- издигнување на културни вредности
- промоција на одредени општествени и морални вредности, а пред се на хуманоста
- активно вклучување на граѓаните во процесот на демократизација
- развој на граѓанскиот сектор и јакнење на структурата на здружението на граѓани
- соработка со други здруженија и фондации за остварување на заеднички цели и задачи
- развивање на Балканската мрежа за соработка, развој и унапредување на меѓусебните односи - дистрибуирање на хуманитарна помош

**Член 13**

ЦХО-Крушево ќе ги оствари своите цели и задачи преку:

- организирање на семинари и предавања
- реализација на проекти од сферата на програмските определби на Здружението
- обука со учество на семинари, тренинзи и во проекти

## УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЦХО-КРУШЕВО, ПРАВА ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЦХО-КРУШЕВО

**Член 14**

Членството во ЦХО-Крушево е индивидуално. Член на ЦХО-Крушево може да биде секој граѓанин на Република Македоноја независно од неговото образование и професија. Зачленувањето се врши доброволно со писмена пристапница.

**Член 15**

Права и обврски на членовите на ЦХО-Крушево се:

- активно и непосредно да учествуваат во работата на здружението и органите на ЦХО-Крушево, во одредувањето на програмите, содржините и формите на делување како и начинот на нивно остварување
- да се ангажираат во остварување на активностите на ЦХО-Крушево
- да предлагаат,да избираат и да бидат избрани во сите органи на ЦХО-Крушево
- одговорно и доследно спроведуввање на проектите и зацртаните планови и одредби, со што ќе го штитат угледот и достоинството на здружението

**Член 16**

Ниту еден член од здружението не смее да ја користи својата положба за реализирање на лични, партиски, или профитни цели.

**Член 17**

Членот на ЦХО-Крушево е должен да се придржува до Статутот на ЦХО-Крушево и да придонесува во спроведувањето на одлуките на органите на ЦХО-Крушево.

**Член 18**

Членството во ЦХО-Крушево престанува:

- со самоволно истапување
- непочитгување на одредбите на Статутот и другите акти
- злоупотреба на положбата за лични, партиски или профитни цели
- неморално однесување
- кршење на одредбите на Законот
- неодговорно однесување кон имотот и средствата на здружението

**Член 19**

Одговорноста на членовите на ЦХО-Крушево се утврдува врз основа на превземените обврски и надлежности во согласност со овој Статут.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЦЕНТАР ЗА ХУМАНИ ОДНОСИ-КРУШЕВО, НИВНА ПРИМЕНА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 20**

Органи на управувањето на ЦХО-Крушево се:

- Собрание
- Извршен одбор
- Претседател

### СОБРАНИЕ НА ЦХО-Крушево

**Член 21**

Собранието е највисок орган на одлучување во ЦХО-Крушево. Организацијата и работата на Собранието се уредува со Деловник за работа на Собранието и овој Статут.

**Член 22**

Собранието на ЦХО-Крушево го сочинуваат сите членови на здружението, според условите за членување наведени во Статутот. Мандатот на членовите на Собранието трае 4 години со можност за обновување на истиот.

**Член 23**

Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 24**

Седница на Собранието свикува Претседателот и тој раководи со нив. Седница на Собранието може да се свика и по иницијатива на Извршниот одбор или барем 1/5 од вкупниот број членови на Собранието. Начинот на свикување, одржување и раководење на вонредни седници е идентичен со редовната седница.

**Член 25**

Собранието може полноважно да работи и одлучува доколку на Седницата присуствуваат повеќе од Половината од вкупниот број членови. Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 26**

Собранието одлучува со јавно гласање. Секој член има право на еден глас.

**Член 27**

Работа на Собранието на ЦХО-Крушево:

- ги утврдува целите, задачите и програмата за работа на здружението
- донесува Статут и други акти на здружението
- усвојува годишен Извештај, насоки и план за своето работење
- усвојува завршна сметка и финансиски план
- одлучува за промена на целта на здружението
- одлучува за основање и укинување на ограноци
- одлучува за здружување и раздружување од друго здружение и зачленување во меѓународни организации
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето
- избира членови на Извршен одбор
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство
- врши други работи во согласност со Статутот и другите акти на здружението

**Член 28**

Собранието управува со здружението.

## ИЗВРШЕН ОДБОР НА ЦХО-Крушево

**Член 29**

Членовите на Извршниот одбор се избираат од редовите на Собранието.

**Член 30**

Собранието го утврдува бројот на членовите на Извршниот одбор. Извршниот одбор може да се проширува со нови членови со одлука на Собранието со мнозинство гласови. Членовите на Извршниот одбор можат да се разрешуваат со мнозинство гласови согласно условите за членување утврдени во Статутот.

Мнозинство од членовите на Извршниот одбор се државјани на Република Македонија.

**Член 31**

Задачи на Извршниот одбор на ЦХО-Крушево:

- ги подготвува седниците на Собранието
- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки кои треба да ги донесе Собранието
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од страна на Собранието
- формира стручни служби и врши контрола врз нивната работа
- избира Претседател на здружението
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението
- подготвува програма и годишен или периодичен извештај за својата работа
- формира советодавни тела
- врши и други работи за кои ќе го овласти Собранието

**Член 32**

Извршниот одбор донесува одлуки на седници кои ги свикува Претседателот или некој од членовите на истиот, со претходно предложен дневен ред.

**Член 33**

Извршниот одбор избира логистичар, со мандат од 4 години. Логистичарот помага во работата на Претседателот, се грижи за уредна евиденција на документацијата на ЦХО-

Крушево, ги извршува сите неопходни набавки на материјали од секој вид.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЦХО-Крушево

### Член 34

Претседателот на ЦХО-Крушево е овластен застапник на здужението.

### Член 35

За претседател може да бите избран државјанин на Република Македонија кој го избира Извршниот одбор од своите редови со 2/3 мнозинство гласови, со јавно гласање.

### Член 36

Мандатот на Претседателот трае 4 години со можност за реизбор.

### Член 37

Задачи на Претседателот:

- го застапува и претставува здружението пред јавноста
- ги свикува и претседава со седниците на Собранието и Извршниот одбор
- ги спроведува заедничките одлуки на Извршниот одбор
- потписник на актите што ги донесува Собранието и Извршниот одбор, како и на финансиските документи на ЦХО-Крушево
- се грижи за материјално - финансиското работење на ЦХО-Крушево, поднесува финансиски и други извештаи пред Извршниот одбор
- се грижи за навремено реализирање на сите финансиски активности поврзани со жиро сметката на ЦХО-Крушево
- располага со печатот во интерес на организацијата според целите и задачите утврдени со Статутот, овластува друго лице за користење на печатот и штембилот
- ги одредува условите под кои друго лице може да го користи печатот и штембилот

### Член 38

За своето работење Претседателот одговара пред Собранието и Извршниот одбор.

## СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ЦХО-КРУШЕВО

**Член 39**

ЦХО-Крушево може да поседува подвижен и недвижен имот, согласно со законските одредби за здруженија на граѓани во Република Македонија.

**Член 40**

Материјално - финансиската работа на здружението ќе се изведува по пат на проекти, донации, спонзорство и програми за подршка на невладино работење.

**Член 41**

Ниту една функција во организацијата не е платена.

**Член 42**

Членовите на здружението имаат право на хонорар само доколку се ангажирани во проекти во кои се предвидени средства за тоа.

**Член 43**

Извршниот одбор може да донесе одлука за продажба, расходување, пренесување на други лица или давање под закуп на својата опрема, само доколку таа не се употребува во тековни проекти.

**Член 44**

Финансискиот план и завршната сметка се донеуваат и усвојуваат на начин и постапка утврдени со законските прописи.

**Член 45**

Доколку условите и обемот на работа тоа го дозволуваат, Извршниот орган може да донесе одлука за ангажирање на платено лице - администратор/книговодител.

## КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА НА ЦХО-КРУШЕВО

**Член 46**

Контролата врз работата на ЦХО-Крушево ја вршат Собранието на начин утврден со овој Статут. Контрола над законитоста на работењето на ЦХО-Крушево во согласност со законите вршат надлежните органи на Република Македонија.

## АКТИ НА ЦХО-КРУШЕВО

**Член 47**

ЦХО-Крушево носи Статут, правилници, деловници, одлуки, решенија, заклучоци и други акти. Со правилници и одлуки се регулираат прашањата за кои со закон или со овој Статут е предвидено да се регулираат со општ акт.

**Член 48**

Постапка за донесување нов Статут на ЦХО-Крушево, односно измени и дополнувања се поведува со

- одлука на Собранието
- предлог на Извршниот одбор или Претседателот на ЦХО-Крушево. Предлог за поведување постапка се поднесува во писмена форма со потребното образложение. Предлогот за донесување Статут го разгледува Извршниот одбор и му го доставува на Собранието заедно со своето мислење.

**Член 49**

Нацртот на Статутот односно измените и дополнувањата на Статутот ги подготвува Претседателот на ЦХО-Крушево или Извршниот одбор. Нацртот од став 1 од овој член го утврдува Собранието и го доставува на преглед на членството. Разгледувањето трае 7 (седум) дена. По истекот на времето за разгледување Извршниот одбор ги разгледува дадените предлози и го утврдува текстот на предлогот на новиот Статут, односно текстот на предлогот на измените и дополнувањата на Статутот. По приемот на предлогот Собранието пристапува кон негово донесување. Статутот, односно измените и дополнувањата се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на претставници во Собранието.

**Член 50**

Актите на ЦХО-Крушево влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето а по исклучок и веднаш по објавувањето.

**Член 51**

Општите акти на ЦХО-Крушево ги потпишува Претседателот или некое друго лице овластено од Претседателот.

**Член 52**

Задолжително толкување на одделни одредби на овој Статут или на општите акти на ЦХО-Крушево Собранието на ЦХО-Крушево .

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ЦХО-КРУШЕВО

**Член 53**

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот на ЦХО-Крушево може да ја поднесе секој орган ЦХО-Крушево.

**Член 54**

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до Извршниот одбор на ЦХО-Крушево.

**Член 55**

Одлука за измени и дополнувања на Статутот се носи со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број делегати на Собранието на ЦХО-Крушево.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 56**

Организацијата престанува со работа кога:

- за тоа ќе одлучат 2/3 од членовите
- ако настапат причини од член 52 од Законот за здруженија на граѓани и фондации
- со решение на надлежен орган ако се утврдат законски причини за престанок на здружението

**Член 57**

Во случај на престанок на здружението по намирувањето на обврските спрема трети лица, останатите средства преминуваат на друго здружение на граѓани со одлука на Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 58**

Прашањата кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со акти на Собранието.

**Член 59**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две седници на Собранието дава Извршниот одбор.

**Член 60**

Овој Статут влегува во сила на денот на донесување.

Крушево, 25.10.2016г.

**Претседател**
Андигона Ангелеска